		БУЏЕТ	8.000.000	0	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**8.000.000**	**0**	**0**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2019

Ниво на: Ставка

		406.883.970	75.231.644	426.166.976	19.028.364	0	927.310.954
Категорија Ставка	О П И С	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Приходи од самофинан. активности	Приходи од дотации	Приходи од донации	Приходи од кредити	ВКУПНИ ПРИХОДИ
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**212.342.107**	**0**	**0**	**0**	**0**	**212.342.107**
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	11.433.000	0	0	0	0	11.433.000
713	Даноци на имот	71.224.500	0	0	0	0	71.224.500
717	Даноци на специфични услуги	128.077.607	0	0	0	0	128.077.607
718	Такси на користење или дозволи за вршење на дејност	1.606.500	0	0	0	0	1.606.500
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**12.576.300**	**75.231.644**	**0**	**0**	**0**	**87.807.944**
722	Глоби, судски и административни такси	3.716.300	0	0	0	0	3.716.300
723	Такси и надоместоци	1.545.000	75.231.644	0	0	0	76.776.644
724	Други владини услуги	616.000	0	0	0	0	616.000
725	Други неданочни приходи	6.695.000	0	0	0	0	6.695.000
73	**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**72.963.305**	**0**	**0**	**0**	**0**	**72.963.305**
733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	72.963.305	0	0	0	0	72.963.305
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**109.002.258**	**0**	**426.166.976**	**19.028.364**	**0**	**554.197.598**
741	Трансфери од други нивоа на власт	109.002.258	0	426.166.976	0	0	535.169.234
742	Донации од странство	0	0	0	19.028.364	0	19.028.364

БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2019

Ниво на: Ставка

		406.883.969	**75.231.644**	**426.166.972**	**19.028.364**	**0**	**927.310.949**
Категорија / Ставка	О П И С	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**49.823.679**	**0**	**351.545.371**	**0**	**0**	**401.369.050**
401	Основни плати	32.067.016	0	255.673.633	0	0	287.740.649
402	Придонеси за социјално осигурување	11.360.363	0	95.405.038	0	0	106.765.401
404	Надоместоци	6.396.300	0	463.500	0	0	6.859.800
41	**РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ**	**1.493.500**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.493.500**
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	1.493.500	0	0	0	0	1.493.500
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**161.617.300**	**63.449.854**	**74.109.342**	**14.430.444**	**0**	**313.606.940**
420	Патни и дневни расходи	1.920.950	1.079.440	30.900	61.800	0	3.093.090
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	26.640.000	5.316.660	27.614.244	0	0	61.771.104
423	Материјали и ситен инвентар	6.349.950	24.676.560	3.011.620	659.344	0	34.697.674
424	Поправки и тековно одржување	69.594.010	8.355.360	3.136.940	0	0	81.086.310
425	Договорни услуги	26.027.070	20.475.679	39.594.192	9.589.300	0	95.686.241
426	Други тековни расходи	20.645.320	3.345.955	719.246	4.120.000	0	28.830.521
427	Привремени вработувања	6.240.000	0	0	0	0	6.240.000
45	**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**	**51.500**	**0**	**0**	**0**	**0**	**51.500**
452	Камthemатни плаќања кон домашни кредитори	51.500	0	0	0	0	51.500
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**34.180.550**	**0**	**0**	**0**	**0**	**34.180.550**
463	Трансфери до невладини организации	13.513.600	0	0	0	0	13.513.600
464	Разни трансфери	20.666.950	0	0	0	0	20.666.950
47	**СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ**	**618.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**618.000**
471	Социјални надоместоци	618.000	0	0	0	0	618.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**150.552.955**	**11.781.790**	**512.259**	**4.597.920**	**0**	**167.444.924**
480	Купување на опрема и машини	9.677.650	3.429.900	131.666	0	0	13.239.416
482	Други градежни објекти	134.015.505	6.506.190	0	4.597.920	0	145.121.615
483	Купување на мебел	61.600	1.411.100	54.257	0	0	1.527.157
485	Вложувања и нефинансиски средства	6.796.000	432.600	326.134	0	0	7.556.734
486	Купување на возила	0	0	0	0	0	0
49	**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА**	**8.546.485**	**0**	**0**	**0**	**0**	**8.546.485**
491	Отплата на главнина до нерезидентни кредитори	8.546.485	0	0	0	0	8.546.485

БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2020

Ниво на: Ставка

		418.734.960	77.422.857	438.579.607	19.582.588	0	954.320.012
Категорија / Ставка	О П И С	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Приходи од самофинан. активности	Приходи од дотации	Приходи од донации	Приходи од кредити	ВКУПНИ ПРИХОДИ
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**218.526.828**	**0**	**0**	**0**	**0**	**218.526.828**
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	11.766.000	0	0	0	0	11.766.000
713	Даноци на имот	73.299.000	0	0	0	0	73.299.000
717	Даноци на специфични услуги	131.606.228	0	0	0	0	131.606.228
718	Такси на користење или дозволи за вршење на дејност	1.653.600	0	0	0	0	1.653.600
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**12.942.600**	**77.422.857**	**0**	**0**	**0**	**90.365.457**
722	Глоби, судски и административни такси	3.626.600	0	0	0	0	3.626.600
723	Такси и надоместоци	1.590.000	77.422.857	0	0	0	79.012.857
724	Други владини услуги	636.000	0	0	0	0	636.000
725	Други неданочни приходи	6.690.000	0	0	0	0	6.690.000
73	**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**75.088.450**	**0**	**0**	**0**	**0**	**75.088.450**
733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	75.088.450	0	0	0	0	75.088.450
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**112.177.082**	**0**	**438.579.607**	**19.582.588**	**0**	**570.339.277**
741	Трансфери од други нивоа на власт	112.177.082	0	438.579.607	0	0	550.756.689
742	Донации од странство	0	0	0	19.582.588	0	19.582.588

БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2020

Ниво на: Ставка

		418.734.958	**77.422.857**	**438.579.607**	**19.582.588**	**0**	**954.320.010**

Категорија / Ставка	О П И С	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**51.274.854**	**0**	**361.784.556**	**0**	**0**	**413.059.410**
401	Основни плати	33.001.006	0	263.120.643	0	0	296.121.649
402	Придонеси за социјално осигурување	11.691.248	0	98.186.913	0	0	109.878.161
404	Надоместоци	6.582.600	0	477.000	0	0	7.059.600
41	**РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ**	**1.537.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.537.000**
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	1.537.000	0	0	0	0	1.537.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**166.324.600**	**65.297.908**	**76.267.871**	**14.850.748**	**0**	**322.741.127**
420	Патни и дневни расходи	1.976.900	1.110.660	31.600	63.600	0	3.183.160
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	29.660.000	5.471.720	28.416.542	0	0	63.570.262
423	Материјали и ситен инвентар	6.534.900	25.601.120	3.099.545	678.548	0	35.914.113
424	Поправки и тековно одржување	71.621.020	6.595.720	3.230.366	0	0	83.450.106
425	Договорни услуги	26.765.140	21.072.056	40.747.422	9.888.600	0	98.473.220
426	Други тековни расходи	21.246.640	3.443.410	740.196	4.240.000	0	29.670.246
427	Привремени вработувања	6.480.000	0	0	0	0	6.480.000
45	**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**	**53.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**53.000**
452	Каматни плаќања кон домашни кредитори	53.000	0	0	0	0	53.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**35.176.100**	**0**	**0**	**0**	**0**	**35.176.100**
463	Трансфери до невладини организации	13.907.200	0	0	0	0	13.907.200
464	Разни трансфери	21.268.900	0	0	0	0	21.268.900
47	**СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ**	**636.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**636.000**
471	Социјални надоместоци	636.000	0	0	0	0	636.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**154.937.993**	**12.124.949**	**527.180**	**4.731.840**	**0**	**172.321.962**
480	Купување на опрема и машини	9.959.524	3.529.500	135.710	0	0	13.625.034
482	Други градежни објекти	137.916.869	6.697.749	0	4.731.840	0	149.346.458
483	Купување на мебел	63.600	1.452.200	55.837	0	0	1.571.637
485	Вложувања и нефинансиски средства	6.996.000	445.200	335.633	0	0	7.776.833
486	Купување на возила	0	0	0	0	0	0
49	**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА**	**8.795.411**	**0**	**0**	**0**	**0**	**8.795.411**
491	Отплата на главнина до нерезидентни кредитори	8.795.411	0	0	0	0	8.795.411

Бр.325

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2018година

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2018година,што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.12.2017 година.

Број 08-5576/2
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевскис.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр. 61/04, 96/04 , 67/07 и 156/09) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општината Велес” бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2018 година

Член 1

Буџетот на Општина Велес за 2018 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст Буџетот).

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации и Буџет на дотации.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20 % со прераспределба во тековната фискална година. Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци на ниво на ставка во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- на избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година;
- вредноста на бодот на државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината
- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно " Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Велес " ,како и "Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Велес ".

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2018година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

Средствата ќе се планираат на наменската сметка – дотации(930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи(903).

Локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од општинскиот Буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (ПДД-МП и МП –1, копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата.

Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Надоместокот за дневница за службено патување во земјата изнесува 800,00 денари, плус персонален данок на таа сума.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Член 13

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 70% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утрдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 14

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404150 - Други надоместоци на основа донесено Решение од Градоначалникот

Член 15

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 404150 –Други надоместоци

Член 16

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 17

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

Член 18

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во Општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464940-Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката.

Во случај на смрт на вработен во Општината и локалните јавни установи, во случај на смрт на член на неговото потесно семејство, исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на предходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на градоначалникот.

Член 19

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено Решение од Градоначалникот согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

Член 20

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 21

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во Буџетот на Општината.

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата ,образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии ,врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација.

Член 22

Се овластува Одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата .

Член 23

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 24

Буџетот на Општина Велес се извршува од 01.01.2018 до 31.12.2018година.

Член 25

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01 Јануари 2018 година.

Број 25-5545/3
26.12.2017 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р

Бр.326

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во Општина Велес за 2018 година

Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во Општина Велес за 2018 година,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 25.12.2017 година.

Број 08-5576/3
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Р.М.” бр. 27/14,199/14, 48/15,154/15 и 05/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 45 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во Општина Велес за 2018 година

Член 1

Вредноста на бодот на платите на административните службеници за 2018 година изнесува 76,8денари.

Член 2

Оваа одлука влегуваво сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2018 година.

Број 25-5545/4
26.12.2017 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р

Бр.327

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Се објавува Одлуката заорганизацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 25.12.2017 година.
.
Број 08-5576/4
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14и 27/164) член 57 став (4) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 45 став 1 од Статутот на Општината Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09, 18/10 и 15/14), на предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана 25.12.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Велес

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес, видовите и бројот на организациони единици, условите за нивно образување и раководење со нив, како и графичкиот приказ (органограм) на организација на општината.

Член 2

Организацијата на органите на Општината се утврдува во зависност од надлежностите на Општината утврдени со закон, групирање на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, како и други услови потребни при утврдувањето на внатрешната организација.

II. ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 3

За извршување на работите од надлежност на органите на Општината, во Општината Велес се организира општинска администрација. Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на општината во согласност со Уставот и со закон, со Статутот на општината и другите прописи и општи акти донесени врз основа на закон. Општинската администрација, согласно начелото за приспособливост на организационите облици кон надлежноста на општината и кон потребите на граѓаните се организира во сектори и одделенија. Заради вршење на со закон утврдени работи од областа на заштитата од пожари во Општината се образува и Територијална против пожарна единица на Општината во понатамошниот текст ТППЕ.

Член 4

Во општинската администрација се образуваат два сектора, (во секој сектор со повеќе одделенија), Одделение за инспекциски надзор, Одделение за внатрешна ревизија, Одделение за управување со квалитет и поддршка на Градоначалникот, Одделение за управување со човечки ресурси Одделение за финансиски прашања и Територијална противпожарна единица.

Член 5

Сектор се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции- подрачја од надлежност на Општината, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и унапредување на нивната меѓусебна соработка.

Член 6

Одделението се образува заради извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно-комуникациски, стручно оперативни, материјално-финансиски, инвестиционо-тековни, информатичко-технолошки, стручно административни, технички и помошни работи, како и други работи што се извршуваат во органите на Општината.

Член 7

ТППЕ на Општината се образува заради вршење на со закон утврдени работи од областа на заштитата од пожари.

Член 8

Општинската администрација на Општина Велес се организира во сектори, одделенија и ТППЕ и тоа:

1. Сектор за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки и информатичка технологија, во чиј состав се:

1.1.Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа

1.2.Одделение за јавни набавки

1.3.Одделение за јавни дејности

1.4. Одделение за информатичка технологија

2.Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој, во чиј состав се:

2.1.Одделение за урбанизам

2.2.Одделение за заштита на животната средина

2.3.Одделение за комунални работи и сообраќај

2.4.Одделение за евроинтеграции и локален економски развој

3. Одделение за инспекциски надзор

4.Одделение за внатрешна ревизија

5.Одделение за управување со квалитет и поддршка на Градоначалникот

6. Одделение за управување со човечки ресурси

7. Одделение за финансиски прашањаи

8. Територијална противпожарна единица

III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 9

1.Секторот за правни и општи работи, јавни дејности и јавни набавки и информатичка технологија ги врши работите што се однесуваат на:

- следење и проучување на законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа и нивната примена во општината и изготвување мислење по истите;
- изготвување на општи и поединечни акти од надлежност на Советот на општината и Градоначалникот од надлежната област согласно закон;
- прием и заверка на деловодните книги, располагање со документите на општината и чување се до нивно уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија;
- активности во вршењето на дејностите од јавен интерес(културата, образованието, спортот, здравствената, социјалната и детската заштита);
- активности за основање и за учество во управувањето на основните училишта и јавните установи за деца(детските градинки);
- стручна помош во подготвувањето и реализирањето на седниците на Советот и работните тела на Советот;
- изготвува заклучоци, мислења, извештаи и други видови материјали за Советот и работните тела на Советот;
- обликување и подготовка на актите за прогласување и објавување;
- следење на закони, поддзаконски акти и други прописи од областа на јавните набавки и нивна доследна примена,
-изготвување на Годишниот план за јавни набавки на општината, координира со секторите и одделенијата за подготовка на спецификациите за тендерските постапки;
- одлучува по прашања од областа на информатичките и комуникациските технологии;
-поднесувањеиницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од областа на информатичките и коминикациските технологии;
-координирање на националните и локалните политики и стратегии од областа на информатичките и комуникациските технологии;
-се врши подготвување на материјали и информации што се потребни за работните средби.

Член 10

1.1.Одделението за правни и општи работи и месна самоуправа ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување на нормативни акти (одлуки и други општи акти) од надлежност на Советот, односно Градоначалникот на Општината;
- давање на мислење на прописи од аспект на нивната законитост кога предлагачи се други органи;
- стручни и организациони работи за функционирање на Советот и на неговите тела, односно на Градоначалникот на Општината;
- организирање и грижи за работата на месната самоуправа;
- извршување на одлуките од надлежност на Советот;
- правна помош на граѓаните, постапува по доставени претставки и предлози, информирање на корисниците на услугите за полесно остварување на нивните права;
-обезбедување на информации за Советот на Општината, Градоначалникот и општинската администрација;
- информативни и протоколарни работи за потребите на Советот и Градоначалникот;
- меѓународна соработка на општината;
- грижа за работите од заштитата и спасувањето и противпожарната заштита;
- канцелариското работење кое го опфаќа приемот, отворањето, евиденцијата и испраќањето на актите на органите на општината, архивското работење, дактилографските работи, секретарски работи за Градоначалникот;
- работи за возниот парк и дава други помошно технички и административни работи;
- следење на проблематиката во областите на својата надлежност;
- анализа на состојбата и дава иницијативи за нивно разрешување.

Член 11

1.2.Одделението за јавни набавки ги врши работите кои се однесуваат на:

- следење на закони, поддзаконски акти и други прописи од областа на јавните набавки и нивна доследна примена;
- мислење на актите од областа на јавните набавки од аспект на нивната законитост;
- изготвување на Годишниот план за јавни набавки на општината, координира со секторите и одделенијата за подготовка на спецификациите за тендерските постапки;
- спроведување на јавните набавки преку прибирање на понуди;
- избор на најповолни понудувачи;
- подготвување на договори со понудувачите;
- регистар за спроведени јавни набавки, доставува податоци до Бирото за јавни набавки, согласно законските одредби од Законот за јавните набавки и Законот за локалната самоуправа;
- следење на проблематиката во областите на својата надлежност;
- анализа на состојбата и дава иницијативи за нивно разрешување.

Член 12

1.3.Одделението за јавни дејности ги врши работите што се однесуваат на:

-основањеи администрирање на основните и средните училишта во согласност со закон;

- следење на состојбата во областите на културата, спортот, социјална заштита, и здравството;

- следење на состојбите во делот на прашањата, проблемите и потребите на етничките заедници и предлага мерки и активности за нивно разрешување, во рамките на надлежностите кои Општината задолжително ги извршува;

-давање мислење и анализа на програмите, извештаите и други акти на училиштата, пред усвојувањето во Советот;

-следење на работата на училишните одбори и постапката за избор на директори на училиштата;

-организирање на превоз и исхрана на учениците;

-институционална поддршка на културните установи и проекти;

-изготвување проекти и програми за организирање културни манифестации;

- следење на културните манифестации во општината;

-развој на масовниот спорт и рекреативните активности;

-организирање спортски активности и манифестации;

-поддршка на спортски сојузи;

-следење на состојбата во областите на образованието(предшколско,основно и средно),културата,спортот, здравството, социјалната заштита и заштита на децата во рамките на законските надлежности;

-следење на прописите и давање мислење од овие области,предлага мерки и активности што треба локалната власт да ги преземе;

- координирање на работите помеѓу локалната самоуправа и примарното здравство, социјалната заштита и другите јавни дејности предвидени со Законот за локалната самоуправа.

- следење на функционирањето на установите во овие области;

- следење на функционалноста на објектите на установите во овие области.

Член 13

1.4.Одделение за информатичка технологија ги врши работите што се однесуваат на:

- грижа за развој на информатичката технологија и нејзиното вклучување во функционирањето на општината;

-следење и примена на законските и подзаконските прописи кои ја регулираат оваа област;

-подготвка на предлог-планови за работа на одделението;

-подговотка на извештаи за реализацијата на програмата за работа на одделението;

-предлагање политики по клучни прашања од областа на информатичките и комуникациските технологии;

-поднесувањеиницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од областа на информатичките и коминикациските технологии;

-координирање на националните и локалните политики и стратегии од областа на информатичките и комуникациските технологии;

-предлагање мерки за подобрување на функционалноститие и безбедноста на информатичко – комуникацискиот систем;

-давање стручно мислење за изготвување на актите од областа на информатичко – комуникацискатa технологија;

-директна соработка со другите раководители на одделенија и раководители на сектори за прашања од областа на информатичките и комуникациските технологии.

Член 14

2.Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој ги врши работите кои се однесуваат на:

- следење на законите и подзаконските акти и прописи од областа на урбанизмот, просторното планирање, заштитата на животната средина, комуналните дејности и нивна доследна примена;

-спроведување на постапка, изготвувањеи реализирање општи и поединечни акти од негованадлежност (решенија, одобренија, изводи);

- заверка на проекти од своја надлежност;

- давање на мислења на актите од областа на урбанизмот, просторното планирање, заштитата на животната срединаи комуналните дејностиод аспект на нивната законитост ;

- организирање и спроведување на постапка за донесување и реализација на урбанистички планови;

-покренување иницијативи и обработка на добиени иницијативи за изменување и дополнување на урбанистички планови, следење на степенот на реализација на урбанистичките планови;

-изготвување, следење и реализација на одлуки, програми, акциони планови и други акти од надлежната област;

- превземање мерки и активности за заштита од загадување на животната средина, управувањето со отпадот и јавната чистота, заштита на амбиентниот воздух, водите и зеленилото, како и активности замониторинг, учество на јавноста и пристап до информации за животната средина;

-изготвување и реализација на општи и поединечни акти во областа на комуналните дејности во согласност со законите од таа област;

- работи во врска со изградба, одржување, реконструкција и заштита на локални патишта и улици, основни и секундарни комунални објекти;

-изготвување и реализација на општи и поединечни акти од областа на патниот сообраќај, линиски превоз на патници, авто такси превоз, јавниот простор за паркирање, регулирање на режимот на сообраќај;

- изградба и одржување на сообраќајна сигнализација;

- уредување на градежно земјиште;

- пресметка на надоместок;

- изготвување договори за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште;

- изведување на работи во врска со уредувањето;

- изготвување на планови за локален економски развој;

- иницирање и утврдување на развојни и структурни приоритети, како и основи и мерки за водење на локална економска политика на општината;

- иницирање и развивање на регионална и меѓугранична соработка;

-овозможување на услови за поддршка на развојот напретприемништвото, угостителството и туризмот;

-обезбедување на документациона база на податоци за потребите на планирањето и програмирање на економскиот развој;

- координирање и водење на меѓународни проекти;

- проценки и подготвителни работи, за изготвување на предлози за експропријација;

- следење на состојбата, предлагање на мерки за нејзино унапредување.

Член 15

2.1.Одделението за урбанизам ги врши работите што се однесуваат на:

- следење на законските и подзаконските акти од областа на урбанизмот, посторното планирање;

- следење на состојбата во областа на урбанизмот на подрачјето на Општината и покренува иницијативи и предлози за донесување или изменување на урбанистички планови;

- прибирање и стручно обработување на барањата и иницијативите од физички и правни лица за измена на урбанистички планови;

- подготвување на документацијата и информационата основа за покренување постапка за изработка;

- донесување или изменување на урбанистички планови на Општината;

-учествуво во изработка на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина на подрачјето на Општината;

- издавање на одобренија од областа на урбанизмот;

- анализа на состојбата и дава иницијативи за нивно разрешување.

Член 16

2.2. Одделение за заштита на животната средина ги врши работите кои се однесуваат на:

- постапките на издавање, измена, обновување, пренос, одземање на Б-интегрирани еколошки дозволи

- го следи усогласувањето на инсталациите согласно Дозволите за усогласување со оперативен план преку доставените извештаи за спроведени активности;

- изготвува налози за пресметување на надоместокот при издавање, поседување, пренос на дозвола и при затворање на инсталацијата;

- ги води постапките за одобрување на елаборати за заштита на животната средина и води/ажурира регистер на одобрени елаборати;

- доставува мислења до надлежен орган во постапките за издавање на А-интегрирани еколошки дозволи за инсталации и оцена на влијанијата врз животната средина за проекти лоцирани на територијата на општината;

- спроведува постапки за стратегиска оцена на животната средина на планска документација за кои постапката е задолжителна, како и скрининг во случај кога постапката не е задолжителна;

- ги следи законските прописи и други акти од областа на управувањето со отпадот и јавната чистота;

- го координира изготвувањето на Планот за управување со отпад;

- ги изготвува и се грижи за реализација на годишните програми за управување со отпад и јавна чистота;

- води евиденција и врши увид во оперативноста на локациите за складирање, селекција и депонирање на отпад;

- води и ажурира бази на податоци, врши мониторинг и евалуација на посебните текови на отпад: комунален, комерцијален, индустриски неопасен, електронски и електричен, отпадни батерии, отпадно стакло, отпад од пакување и др. видови отпад;

- остварува и одржува соработка со овластени и колективни собирачи, образовни и здравствени институции и невладини организации за областа управување со отпад;

- ги следи законските прописи и други акти од областа на заштитата на воздухот, водите и зеленилото;

- го следи квалитетот на воздухот од државната мониторинг мрежа, како и квалитетот на воздухот и водите од други мониторнг мрежи;

- изготвува извештаи за состојбата со воздухот и водите;

-се грижи за реализација на Планот за квалитет на амбиенталниот воздух;

- го ажурира Катастарот и Регистерот на загадувачи на територијата на општината, како и Катастарот на зеленило;

- ги координира актвностите за демаркирање на зоните за капење, предлага и спроведува мерки за заштита на зоните за капење;

- ја спроведува постапката за определување на заштитните зони, го следи водоснабдувањето од водоснабдителните системи, како и одведувањето и третманот на отпадните води согласно надлежностите утврдени во законската регулатива за води.

-води постапка за постапување со зеленилото (постапување со оштетени дрвја, пошумување и подигнување на нови зелени површини);

-ги следи состојбите со животната средина, прибира и ажурира податоци за квалитетот на животната средина;

-ја координира примената на информативниот систем за заштита на животната средина;

-изготвува одговори и информации до засегнатата или заинтересираната јавност и обезбедува вклучување на јавноста во процесот на донесување на одлуки;

-спроведува активности за подигнувањето на јавната свест на населението;

-подготвува документи при соработка со надлежни органи, образовни, здравствени институции и невладини организации од областа на животната средина и одржливиот развој.

Член 17

2.3.Одделението за комунални работи и сообраќај, ги врши работите што се однесуваат на:

- следење на законските и подзаконските акти од областа на комуналните работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура и истите ги применува;

- работи во врска со организирање, изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици;

- вршење на работите сврзани со јавното осветлување во градот и населените места на подрачјето на Општината;

- следење на состојбите за уредување и одржување на јавното зеленило;

- вршење и други работи што со посебни закони за комунални дејности се дадени во надлежност на Општината;

- следење на прописите од областа на комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура и давање на мислења по истите од својата област;

-учествува во изготвување на програми и извештаи и ја следи проблематиката од областа на комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура;

- уредување и организирање на општински превоз на патници;

-грижа за изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација, изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање,

- регулирање на режимот на сообраќај;

- анализа на состојбата и дава иницијативи за нивно разрешување од областа на комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Член 18

2.4.Одделението за евроинтеграции и локален економски развој ги врши работите што се однесуваат на:

-следење законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа, се грижи за нивна примена во општината и го следи развојот на системот на локалната самоуправа во Општината;

- ги координира и следи проектите финансирани од ЕУ, други меѓународни фондови и домашни фондови;

-се грижи за навремено следење на грантовите шеми и аплицирање на проекти согласно утврените приоритети;

- подготвува проектни апликации за капитални инвестиции;

- ја координира комуникацијата и соработката со бизнис секторот на подрачјето на општината и Економскиот совет;

- ги организира, насочува и координира работите во врска со планирањето на локалниот економски развој;

- учествува во подготовката на програмата и планот за работа на одделението и се грижи за реализирање на планот во делот на аналитиката и планирањето на локалниот економски развој,

- остварува редовни контакти со бизнис групите и претставниците на правните субјекти и разменува информации и искуства;

-делува во насока на поттикнување и развој на претприемништвото налокално ниво, врши редовна евалуација на состојбите и постигнатитерезулатати и предлага стратегии за стратешко партнерство со странскифирми и привлекување на стратешки инвеститори;

- обезбедува документациона база на податоци за потребите на планирањето и програмирање на економскиот развој;

- води регистар на стопанските субјекти (мали и средни претпријатија,претприемачи) и остварува редовни контакти со потенцијалните бизнисинвеститори.

3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 19

Одделението за инспекциски надзор ги врши работите што се однесуваат на:

- инспекциски надзор над вршењето на работите од надлежност на Општината, врз основа и во согласност со закон и координација на својата работа со другите одделенија во рамките на општинската администрација и други дејности од надлежност на општината;
- инспекциски надзор над примената на одредбите на законите и прописите кои се однесуваат на урбанизамот и просторното планирање, заштита на животната средина, комуналните дејности, патниот сообраќај, над утврдувањето и наплатата на даноците на имот, туризмот и угостителството,образованието и спортот;
- надзор на јавните претпријатија основани од Општината над физички и правни лица на кој Општината им дала дозвола за вршење на комунална дејност;
- вршење увид на лице место и изготвување записници;
- донесување решенија во управна постапка за извршен надзор;
- поднесување пријави до надлежните државни органи;
- следење на проблематиката од областите на надлежност на Општината;
- вршење на анализа на состојбата, доставува извештаи и дава иницијативи и предлози за нивно решавање.

4.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Член 20

Одделението за внатрешна ревизија ги врши работи што се однесуваат на:

-процена на усогласеност на работењето на субјектот во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори;

-темелна процена на функционирањето на системот за внатрешна контрола;

-оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на раководителот на субјектот за намалување на факторите за ризик;

-проверка на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи на субјектот;

-процена на економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето и користењето на средствата во дефинирана област на активности или програми на субјектот;

-темелна проценка на работењето на информативно технолошките системи;

-процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, процена и управување со ризиците;

-давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на субјектот, изготвување и донесување на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следење на нивното спроведување;

-изготвување на извештаи од извршените ревизии;

-следење на спроведување на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи;

-изготвување на упатство за работа и повелба за внатрешна ревизија; информирање на раководителот на субјектот за постоење на конфликт на интереси при извршување на ревизорската задача;

-известување до раководителот на субјектот и лицето задолжено за известување за неправилности, за неправилности или сомнежи за измами или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка;

-изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија;

-изготвување на план за обука на внатрешните ревизори и следење на нивната имплементација;

- други работи од областа на внатрешната ревизија.

5.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ И ПОДДРШКА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Член 21

Одделението за управување со квалитет и поддршка на градоначалникот, ги врши работите кои се однесуваат на:

- координирање на процесот на воведување и одржување на ИСО 9001:2015, заедничка рамка за проценка и други македонски и меѓународни стандарди во сите сектори и одделенија во рамки на општинската администрација;
-ги координира годишните надворешни и внатрешни проверки на СУК и сертификациските проверки;
-се грижи за организација на стручните колегиуми, состаноците и другиработни средби кои ги спроведува Градоначалникот;
-организира работи поврзани со посети на Градоначалникот во земјата истранство;
-изготвува одлуки и друга потребна документација,информации , извештаи и друго за потребите на Градоначалникот
- остварува писмена и усна комуникација со електронски и пишани медиуми во однос на активностите на Градоначалникот и општината;

- се грижи за содржините објавени на официјалната веб страница на општината и на социјалните медиуми.

-се грижи за континуирана примена на принципите на транспарентност и отчетност на официјалната веб страница, социјалните медиуми и сите други видови медиуми на кои се објавуваат информации за работата на Општина Велес (Градоначалникот, Советот, општинската администрација и ТППЕ)

- се грижи за целосна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно закон

- врши протоколарни работи на различни настани, манифестации и средби.

-организирање на работата за одржување на стручните колегиуми на Градоначалникот со општинската администрација;

-координирање на работата на проектните тимови за изработка и имплементација на повеќе проекти од сите области значајни за работата на Градоначалникот.

6.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Член 22

Одделението за управување со човечки ресурсиги врши следните работи:

-следење и примената на законите и другите прописи и општи акти;

-изготвување на акти кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите на вработените;

-обезбедување на координација на управување со процеси и човечки ресурси - стручно усовршување, едукација, тренинг- обука на вработените во општинската администрација;

-грижа за обезбедување оптимални услови за работа на вработените;

-координирање на процесот на оценување на административните службеници;

-подготвување на одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на работите на општинската администрација, Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација, како и измените и дополнувањата на овие акти, изработува програма како составен дел од програмата за работа на органот врз основа на предлозите од вработените на одделението;

-учествува и организира состаноци на мрежата на одделенијата за управување со човечки ресурси;

-остварува редовна комуникација и соработка со другите одделенија за човечки ресурси од други органи со цел откривање на човечки потенцијали и дава предлог за вработување без јавен оглас од еден во друг орган;

-следење на развојот на организационата култура во органот во функција на остварувањето на целите во органот, правилно применување и спроведување на законите и сите подзаконски акти од областа на човечките ресурси;

-спроведување на политиката за управување со човечки ресурси во органот;

-организирање на состаноци на комисијата за водење на дисциплински постапки за утврдување на дисциплинска одговорност и комисијата за утврдување на материјална одговорност на административните службеници;

-континуирано следење на состојбата на човечките ресурси организирање на состаноци со раководителите на секторите и одделенијата за планирање на потребите за човечките ресурси на органот;

-советување и соработка со другите раководители на органот за прашања од областа на управување со човечки ресурси оценување на административните службеници;

-изработка на извештај за оценување, изработување предлози за подобрување капацитетот на знаењето на административните службеници;

-изработување на основните елементи на документи за реализирање на меѓусебните права и обврски при стручно оспособување и усовршување на ДС во органот, ја следи примената на етичкиот кодекс на ДС;

-соработува со сметководството во одржување на базата на податоци за плати на ДС, ги води личните досиеја на вработените;

-целосно го користи софтверот за човечки ресурси и ја одржува базата на податоци за административни службеници, а воедно контактира со МИОА.

7. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Член 23

Одделението за финансиски прашања ги врши работите што се однесуваат на:

-следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално - финансиското работење;

-управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата иизворите на средствата на субјектот утврдени со буџетот;

-подготвување, извршување и известување за извршувањето на буџетот за општината;

-подготовка на стратешкиот план на општината;

-изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на општината;

-контрола на подготовката и извршувањето на буџетот;

-спроведува ex-ante и ex-post финансиска контрола;

-изготвувањето на финансиски план за извршувањето на буџетот (месечен, квартален и годишен) за субјектот, органите во состав и единките корисници наопштината;

-следењето на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците наопштината;

-сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување нагодишна сметка;

-подготовување на Годишен финансиски извештај, освен извештај за извршенитеревизии и активности на внатрешната ревизија, кој ги подготвува одделението завнатрешна ревизија, а е составен дел од овој извештај, согласно член 47 одЗаконот за јавна внатрешна финансиска контрола;

-благајничко работење;

-подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација;

-пресметувањето и исплатата на платите на вработените во општината;

-примената на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки;

-следењето и согледувањето на потребите од набавки во субјектот со органите иподрачните единици во негов состав;

-ажурирање и менаџирање со општинскиот имот;

-прибирање и следење на прибирањето на сопствените приходи на буџетот на општината;

-утврдување и наплата на сопствените приходи;

-администрирање на локалните даноци и комуналните такси на општината;

-усогласување на состојбата во даночната евиденција;

-евидентирање на задолжувањата и раздолжувањата на даноците, таксите и подготвува завршна сметка за овие приходи;

-присилна наплата на даночен долг, парична казна и камата;

-регистар на недвижен и подвижен имот на општината;

-следење и применување на прописите што се однесуваат на утврдување на данокот на промет на недвижности и права, данок на наследство и подарок, и комунални такси.

8. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА

Член 24

Територијалната противпожарна единица ги врши работите што се однесуваат на: гаснење на пожари на територијата на општината, отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот од пожари и експлозии, укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации, извршување на други работи при несреќи и непогоди, заедно со територијалните противпожарни единици во РМ дејствува како противпожарна единица на Република Македонија заради оперативно делување при гаснењето големи пожари на целата територија на РМ, дава помош кога тоа е побарано при гаснење на пожари и во други држави, е должна да води посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствена методологија и за тоа да ја извести Дирекцијата за заштита и спасување и Општината, периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага, тековна поправка и одржување на механиката, извршува противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации во соработка со Министерството за внатрешни работи, врши едукација на граѓаните за заштита од пожари преку предавања, медиуми и организирање на други активности, врши и други работи што ќе му бидат доверени од надлежниот орган.

Член 25

Општинската администрација врши и работи делегирани од Органите на државната управа, во согласност со закон.

IV. НАЧИН И ФОРМА НА РАКОВОДЕЊЕ СО ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТА

Член 26

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на Општината. Секретарот на Општината раководи со административните службеници и другите вработени особено во контекст на управувањето со човечки ресурси, како и решавање за правата, обврските и одговорностите на административните службеници согласно со закон. Со цел да се обезбеди поголема ефикасност и координација во работата на општинската администрација се одржуваат работни средби со раководните административни службеници.

Со секторот раководи раководител на сектор. Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот или раководител на одделение, кој е определен од раководителот на секторот.

Со одделението раководи раководител на одделение. Во случај на отсутност или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

Со ТППЕ, водовите и одделенијата раководат Командир на ТППЕ, Заменик Командир на ТППЕ, Командир на вод и Командир на одделение.

Со секторот раководи раководител на сектор. Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот или раководител на одделение, кој е определен од раководителот на секторот.

Со одделението раководи раководител на одделение. Во случај на отсутност или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

Со ТППЕ, водовите и одделенијата раководат Командир на ТППЕ, Заменик Командир на ТППЕ, Командир на вод и Командир на одделение.

Бр.328

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за доделување на награда најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2017 година

Се објавува Одлуката задоделување на награда најстудент„Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2017 година,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 25.12.2017 година.
.

Број 08-5576/5
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36,став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 8, став 2, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), а согласно член 6 од Одлуката за востанување награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ („Службен гласник на Општина велес“ бр. 17/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.12.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на награда за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2017 година

Член 1

Со оваа Одлука се доделува награда за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2017 година, за најдобар успех постигнат во претходните академски години.

Наградата ќе биде врачена на свеченост организирана по повод новогодишните празници.

Член 2

Наградата за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2017 година се доделува на:

-Надица Шкрекова

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5545/6
26.12.2017 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина велес
м-р Душко Петров с.р

Бр.329

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес

Се објавува Одлуката заутврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 25.12.2017 година.

Број 08-5576/6
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), член 5 став 1 точка точка 4 од Законот за даноците на имот („Сл. весник на РМ“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13,154/15 и 192/15) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09, 18/10 и 15/14), а согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр.54/12,17/13,21/13 и 142/14)

Советот на Општина Велес На седница одржана на ден 25.12.2017 година донесе:

О Д Л У К А
за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес

Член1

Пазарната вредност на градежното земјиште се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес во 2017 година.

Член 2

Подрачјето на Општина Велес е поделено на осум зони во зависност во кој дел на територијата на Општина Велес се извршени купопродажби на градежно земјиште во 2017 година.

Член 3

Во првата зона се наоѓаат улиците :

Р. бр.	Име на улица	предходно		забелешка
1	„Алексо Демниевски - Бауман“			од почеток до спој со „АСНОМ“ (претходно ул.„Моша Пијаде“)
2	„Благој Ѓорев“			од почеток до пресек со ул.„Андон Шурков“
3	„Борис Трајковски“	„Ленинова“		
4	„Гоце Делчев“			
5	„Димитар Влахов“			од почеток до пресек со ул.„Илинденска“
6	„Илинденска“			
7	„8 - ми Септември“	„Маршал Тито“		
8	„Наум Наумовски - Борче“			
9	„Страшо Пинџур“			од почеток до пресек со ул. „Гоце Делчев“

1	„Ангел Мишев“	„Нишка“		
2	„Архиепископ Михаил“	„Владимир Назор“		од почеток до пресек со ул.„Љубен Весов“
3	„АСНОМ“	„Моша Пијаде“		од почеток до спој со ул.„Андон Шурков“
4	„Благој Ѓорев“,			од пресек со ул.„Андон Шурков“ до пресек со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул.„Првомајска“)
5	„Васил Ѓоргов“,			од почеток до пресек со ул.„Орце Мартинов“
6	„Георги Војтех“			
7	„Димитар Влахов“,			од пресек со ул. „Илинденска“ до пресек со ул.„Родна Ивева“
8	„д -р Христо Татарчев“	„Марксова“		
9	„11 -ти Октомври“			
10	„Киро Рогужаров“,			од почеток до пресек со ул.„Кресненско востание“ (претходно ул. „Иво Лола Рибар“)

11	„Кресненско востание“	„Иво Лола Рибар“		од почеток до пресек со ул.„Димитар Влахов“
12	„Крсте Мисирков“			
13	„Лазо Осмаков“			
14	„Методија Андонов Ченто“	„Енгелсова“		
15	„Мирка Гинова“			
16	„Нада Бутникошарева“			
17	„Никола Карев“			
18	„Никола Оровчанец“,			од почеток до пресек со ул. „Ѓоре Органџиев“
19	„Оливер Китановски“	„Прва Комуна“		
20	„Орце Мартинов“,			од почеток до пресек со ул. „Самоборска“
21	„Пајак Планина“			
22	„Панко Брашнар“			
23	„Петре Прличко“			
24	„Солунска“			
25	„Тодор Христов - Офицерчето“	„Народен фронт“		
26	„III Кумановска ударна бригада“			
27	„Христо Узунов“	„Сутјеска“		
28	„Цар Самоил“			

1	„Андон Шурков“			без кракот од ССОУ „Коле Неделковски“ до пругата Битола - Велес
2	„Алексо Демниевски - Бауман“			од пресек со ул „АСНОМ“ (претходно ул.„Моша Пијаде“) до Железничка станица
3	„Архиепископ Михаил“	„Владимир Назор“		од пресек со ул.„Љубен Весов“ до пресек со ул. „Коле Неделковски“
4	„Бане Андреев Ронката“			
5	„Благој Абрашев“			
6	„Благој Ѓорев“			од пресек со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул.„Првомајска“) до ул.„Невена Георгиева -Дуња“
7	„Браќа Капчеви“			
8	„Васил Главинов“			од почеток до пресек со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул. „Првомајска“)
9	„Гаврило Радомир“			
10	„Димко Најдов“			од почеток до спој со ул.„Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“)
11	„Димче Мирчев“			
12	„Ѓоре Органџиев“			
13	„Ѓошо Органџиев“			
14	„Јане Сандански“			од почеток до пресек со ул.„Нада Бутникошарева“
15	„Киро Ќучук“			од почеток до пресек со ул.„Белградска“

16	„Коле Дрнков“			
17	„Коле Неделковски“			
18	„Коле Цветков“			од почеток до спој со ул. „Браќа Капчеви“
19	„Костурска“			од почеток до пресек со ул. „8-ма Велешка бригада“
20	„Кресненско востание“	„Иво Лола Рибар“		од спој со ул.„Димитар Влахов“ до спој со ул.„Киро Рогужаров“
21	„Кукушка“			
22	„Љубљанска“			од почеток до спој со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул. „Игманска“)
23	„Никола Оровчанец“			од пресек со ул.„Ѓоре Органџиев“ до крај
24	„8-ма Велешка бригада“			
25	„8-ми Март“			
26	„Петар Поп Арсов“			
27	„Страшо Пинџур“			од спој со ул. „Гоце Делчев“ до крај
28	„Тодор Јанев“			од почеток до спој со ул. „Костурска“
29	„Трајко Панов“			
30	„Филип II“			
31	„Шефки Сали“			

1	„Ангелко Палашев“	„Стојан Јанаќиевиќ“		
2	„Архиепископ Михаил“	„Владимир Назор“		од пресек со „Коле Неделковски“ до пресек со ул.„Кирил и Методиј“)
3	„Благој Ѓорев“			од пресек со ул.„Невена Георгиева - Дуња“ до крај
4	„Благој Нечев“			
5	„Боге Николов“			
6	„Димо Хаџи- Димов“			
7	„Димче Димовски - Кокошарчето“			
8	„Јордан Хаџи Константинов - Џинот“			од почеток до спојот со ул.„Прохор Пчински“
9	„Киро Рогужаров“,			од пресек со ул. „Кресненско востание“ (претходно ул. „Иво Лола Рибар“) до крај
10	„Костурска“,			од пресек со ул. „8-ма Велешка бригада“ до крај
11	„Кочо Рацин“,			од почеток до ул. „Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“)
12	„Мирче Ацев“,			од почеток до пресек со ул. „Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“)
13	„Луј Пастер“			
14	„Партение Зографски“	„Првомајска“		
15	„Партизанска“			
16	„Самоборска“			

Во првата зона пазарната вредност на градежното земјиште изнесува 2.000,00 денари за метар квадратен.

Член 4

Во втората зона се наоѓаат улиците :

Р. б	Име на улица	предходно		забелешка
1	„Академик Пенчо Давчев“			без краците од лева страна (Речани)
2	„Андон Шурков“			од ССОУ „Коле Неделковски“ до пругата Битола-Велес
3	„Архиепископ Михаил“	„Владимир Назор“		од пресек со ул.„Кирил и Методиј“ до крај
5	„АСНОМ“	„Моша Пијаде“		од спојот со ул.„Андон Шурков“ до ул.„Васа Кошулчева“
6	„Белградска“			од спојот со ул.„Димитрија Чуповски“ до крај
7	„Борис Карпузов“			
8	„Браќа Поп Јорданови“			од почеток до спој со ул.„Љубен Весов“
9	„Вардарска“			
10	„Васа Кошулчева“			
11	„Васил Ѓоргов“			од пресек со ул. „Орце Мартинов“ до крај
12	„Васил Илјоски“	Речани		
13	„Вера Цировири-Трена“			од почеток до пресек со ул.„Бошко Златанов“
14	„Гемиџиска“			
15	„Димитрија Чуповски“			од почеток до пресек со ул.„Белградска“
16	„Живко Фирфов“			
17	„Југотутун“	М.в. Индустриска Зона		
18	„Киро Зафиров“			
19	„Којник“			
20	„Коле Димов - Витамин“			
21	„Коле Цветков“			од спојот со ул.„Браќа Капчеви“ до спојот со ул.„Загребска“
22	„Кузман Јосифовски – Питу“			
23	„Петре Алчев“			
24	„Раштански Пат“			

Р.бр.	Име на улица	претходно		забелешка
1	„Академик Пенчо Давчев“,			само краците од лева страна (Речани)
2	„Андреја Дамјанов“			
3	„АСНОМ“	„Моша Пијаде“		од пресек со ул.„Васа Кошулчева“ до крај
4	„Белградска“,			од почеток до пресек со ул.„Димитрија Чуповски“
5	„Бошко Златанов“			
6	„Васил Главинов“,			од спојот со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул. „Првомајска“) до крај
7	„Грозда Кочова“			
8	„Димитар Андонов Папрадишки“	Речани		
9	„Д-р Панче Васков“	Речани		
10	„Јане Сандански“,			од спојот со ул.„Нада Бутникошарева“ до крај
11	„Камка Тоцинова“			
12	„Климент Охридски“,			од почеток до пресек со ул.„Кирил и Методиј“
13	„Кочо Рацин“,			од спојот со ул.„Архиепископ Михаил“(претходно ул. „Владимир Назор“) до спојот со ул.„Љубен Весов“
14	„Љубен Весов“, “			од почеток до спојот со ул.„Мирче Ацев
15	„Максим Горки“,			од почеток до пресек со ул.„Миле Милевски“
16	„Мирче Ацев“,			од спојот со „Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“) до спојот со ул.„Љубен Весов“
17	„Михајло Апостолски“			
18	„Мицко Козар“			
19	„Невена Ѓеорѓиева-Дуња“,			од почеток до пресек со ул.„Киро Пракицов“
20	„Орце Мартинов“,			од пресек со ул.„Самоборска“ до пресек со ул„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“)
21	„Орце Шутев“			
22	„Павел Шатев“			
23	„Роса Плавева“			
24	„Сараевска“,			од почеток до пресек со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“)
25	„Славко Ѓоргиев-Сватот“			
26	„Стефан Димитров	„Неретва“		

1	„Алексо Демниевски-Бауман“,			од Железничка станица до крај
2	Андон Ќосето			
3	„Андреја Димков“			
4	„Благој Јосмов“, “			од почеток до пресек со ул.„Славјанска
5	„Благој Кирков“,			од почеток до пресек со ул.„Прохор Пчински“
6	„Браќа Миладиновци“			
7	„Браќа ПопЈорданови“,			од пресек со ул.„Љубен Весов“ до пресек со ул. „Крали Марко“
8	„Вера Цириви-рени-Трена“,			од спој со ул.„Бошко Златанов“ до пресек со ул.„Јане Сандански“
9	„Димитрија Чуповски“ “			од пресек со ул.„Белградска“ до пресек со ул.„Киро Пракицов
10	„Ѓорѓи Шоптрајанов“	Речани		
11	„Загребска“			
12	„Илија Климкаров“			
13	„Јордан Хаџи Константинов-Џинот“,			од пресек со ул.„Прохор Пчински“ до пресек со ул.„Вера Цириви-рени-Трена“
14	„Кирил и Методиј“,			од почеток до пресек со ул.„Максим Горки“
15	„Кирил Пејчиновиќ“			
16	„Киро Чауле“			
17	„Кочо Рацин“,			од пресек со ул.„Љубен Весов“ до крај
18	„Крали Марко“			
19	„Кресненско востание“	„Иво Лола Рибар“		од спојот со ул. „Киро Рогужаров“ до крај
20	„Крушевска“			
21	„Лазо Трпковски“			
22	„Љубен Весов“,			од пресек со ул.„Мирче Ацев“ до крај
23	„Максим Горки“,			од пресек со ул.„Миле Милевски“ до пресек со ул.„Кирил и Методиј“
24	„Милан Страчковски“			
25	„Мите Богоевски“			
26	„Наце Димов“			
27	„Петар Делјан“			
28	„Петар Михов“			
29	„Пирин Планина“			
30	„Прохор Пчински“,			од почеток до пресек со ул.„Благој Кирков“

31	„Рилски Конгрес“	„Игманска“		од почеток до пресек со ул.„Љубљанска“
32	„Родна Ивева“,			од почеток до пресек со ул.„Ганчо Хаџи Панзов“
33	„Роса Плавева“			
34	„Славе Петков“, “			од почеток до пресек со ул.„Питу Гули“
35	„Стефан Гајдов“ (Речани)			
36	„Стојан Бурчевски-Буридан“,			од почеток до пресек со ул.„Ганчо Хаџи Панзов“
37	„Тодор Јанев“,			од пресек со ул.„Костурска“ до пресек со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“)
38	„Тодорче Николовски“	„Вељко Влаховиќ“		
39	„Тоше Саздов“,			од почеток до пресек со ул.„Максим Горки“
40	„Трајко Митев“			
41	„Цветан Арсов“,			од пресек со ул.„Коле Цветков“ до крај
42	„Скопска“			
43	„Цветан Арсов“,			од почеток до пресек со ул.„Коле Цветков“
44	Место викано БАБУНА			

Во втората зона пазарната вредност на градежното земјиште изнесува 1.500,00 денари за метар квадратен,

Член 5

Во третата зона се наоѓаат улиците :

Р.бр.	Име на улица	предходно		забелешка
1	„Богдан Каракостев“			од почеток до пресек со ул.„Славјанска“
2	„Ганчо Хаџи Панзов“			
3	„Горна Џумаја“			
4	„9-ти Ноември“			
5	„Даме Груев“			
6	„Ѓорги Димитров“			
7	„Јован Наумов Алабакот“			
8	„Јовче Чучук“			
9	„Јовче Џипунов“			
10	„Јордан Хаџи Константинов- Џинот“			од пресек со ул.„Вера Цириви-Трена“ до крај

11	„Киро Ќучук“,			од спој со ул.„Белградска“ до крај
12	„Мирче Ацев“			од спојот со ул.„Љубен Весов“ до крај
13	„Никола Јонков Вапцаров“			
14	„Питу Гули“			од почеток до пресек со ул.„Славе Петков“
15	„Рајко Жинзифов“			
16	„Рилски Конгрес“	„Игманска“		од пресек со ул.„Љубљанска“ до крај
17	„Ристо Попов“	Превалец		
18	„Славјанска“			
19	„Тодор Ацев“			
20	„Хаџи Косте“	Речани		

1	„Благој Јосмов“,			од пресек со ул.„Славјанска“ до крај
2	„Благој Леов“			
3	„Браќа Поп Јорданови“,			од пресек со ул. „Крали Марко“ до крај
4	„Велјан Шојлев“			
5	„Вера Цириви-Трена“,			од пресек со ул „Јане Сандански“ до пресек со ул.„Маца Овчарова“
6	„Григор Прличев“			
7	Ѓорги Гајдов			
8	„Димко Најдов“,			од пресек со ул.„Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“) до крај
9	„Караорман“			
10	„Ката Капчева“			
11	„Кирил и Методиј“,			од пресек со ул.„Максим Горки“ до крај
12	„Киро Пракицов“,			од почеток до пресек со ул.„Ката Капчева“
13	„Коле Цветков“,			од пресек со ул.„Загребска“ до крај
14	„Љубљанска“,			од спојот со ул. „Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“) до спојот со ул.„Ризо Ризов“
15	„Максим Горки“,			од пресек со ул. „Кирил и Методиј“ до крај
16	„Милан Војницалија“ (Речани)			

17	„Миле Милевски“			
18	„Мустафа Кемал Ататурк“	„Козара“		
19	„Невена Ѓеоргиева - Дуња“,			од пресек со ул.„Киро Пракицов“ до крај
20	„Петре Милевски“			
21	„Питу Гули“,			од пресек со ул.„Славе Петков“ до пресек со ул.„Богдан Прличков“
22	„Ристо Најдов-Шајката“			
23	„Родна Ивева“,			од пресек со ул.„Ганчо Хаџи Панзов до пресек со ул.„Стојан Бурчевски-Буридан“
24	„Славе Петков“,			од пресек со ул.„Питу Гули“ до крај
25	„Стојан Бурчевски-Буридан“,			од пресек со ул.„Ганчо Хаџи Панзов“ до пресек со ул.„Ристо Најдов-Шајката“
26	„Тоше Саздов“,			од пресек со ул.„Максим Горки“ до крај
27	„Трајко Бошкоски-Тарцан“	Превалец		
28	„Трајче Андреевски-Петкановски“	Превалец		

Во третата зона пазарната вредност на градежното земјиште изнесува 1.000,00 денари за метар квадратен,

Член 6

Во Четвртта зона се наоѓаат улиците :

Р.б	Име на улица	предходно		забелешка
1	„Александар Несторов“			
2	„Андон Шулев“			
3	„Благој Кирков“,			од пресек со ул.„Прохор Пчински“ до крај
4	„Благој Страчковски“			
5	„Богдан Каракостев“,			од пресек со ул.„Славјанска“ до крај
6	„Богдан Прличков“			
7	„Браќа Кошулчеви“			
8	„Ванчо Атанасов - Ѓакот“	Превалец		
9	„Васил Антевски - Дрен“	Превалец		
10	„Вера Цириви ри - Трена“,			од пресек со ул.„Маца Овчарова“ до крај
11	„Даре Џамбаз“			
12	„Димитрија Чуповски“,			од спој со ул.„Киро Пракицов“ до крај
13	„Дурутовец“	Населба		
14	„Ѓорче Петров“			
15	„Јован Басаров“)	Превалец		
16	„Јовче Тикваровски“			
17	„Јордан Поп Јорданов“	Превалец		
18	„Јордан Џурнов“			
19	„Киро Пракицов“,			од пресек со ул.„Ката Капчева“ до крај
20	„Климент Охридски“,			од пресек со ул.„Кирил и Методиј“, до крај
21	„Костадин Бодин“			
22	„Лисец“			
23	„Љубљанска“,			од пресек со ул.„Ризо Ризов“ до крај
24	„Маца Овчарова“			
25	„Мирко Грков“	Превалец		
26	„Орце Мартинов“,			од пресек со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“) до крај
27	„Пеце Трајков Ракчето“			
28	„Питу Гули“,			од пресек со ул.„Богдан Прличков“ до крај
29	„Прохор Пчински“,			од пресек со ул.„Благој Кирков“ до крај
30	„Ризо Ризов“			
31	„Родна Ивева“,			од пресек со ул. „Стојан Бурчевски - Буридан“ до крај
32	„Румена Хаџи Панзова“			
33	Сараевска			Од пресек со ул.Рилски конгрес до крај
34	„Славе Ефтовски“			
35	„Славе Петков“,			од пресек со ул.„Миле Милевски“ до крај
36	„Славко Давчев“			
37	„Стеван Бобевски“			
38	„Стеван Богоев“			
39	„Стојан Бурчевски - Буридан“			од пресек со ул.„Ристо Најдов - Шајката“ до крај

40	„Тодор Јанев“			од спојот со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“) до крај
41	„Тоше Саздов“			од пресек со ул.„Максим Горки“ до крај
42	м.в. „Каменот“			
43	„Шефки Муратов“	Превалец		

Во четвртата зона пазарната вредност на градежното земјиште изнесува 800,00 денари за метар квадратен,

Член 7

Петата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општини на селата:

-Отовица и

-Реонот околу Езеро младост

Во Петата зона пазарната вредност на градежното земјиште изнесува 1.300,00 денари за метар квадратен.

Член 8

Шестата зона го опфаќа градежното земјиште во

-КО Башино Село

-Горно Оризари

-Долно Оризари

Во шестата зона пазарната вредност на градежното земјиште изнесува 800,00 денари за метар квадратен.

Член 9

Седмата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општининаселата:

-Чалошево ,

-Раштани

-Ораовец,

-Иванковци,

-Долно Караслари,

-Горно Караслари,

-Кумарино,

-Мамутчево ,

-Црквино ,

-Сујаклари,

-Бузалково

-Клуковец и

-Новачани.

Во Седмата зона пазарната вредност на градежното земјиште изнесува 500,00 денари за метар квадратен.

Член 10

Осмата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општининасите други села кои влегуваат во подрачјето на Општина, освен селата од член 6,член 7 и член 8 од оваа Одлука.

Во осмата зона пазарната вредност на градежното земјиште изнесува 300,00 денари за метар квадратен.

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2018година.

Број 25-5545/7
26.12.2017 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр.330

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката заопределување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиштена територијата на Општина Велес,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 25.12.2017 година.

Број 08-5576/7
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа член 36, став 1, точка 15 од законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), член 5 став 1 точка точка 4 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13,154/15 и 192/15), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09, 18/10 и 15/14), а согласно член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр.54/12,17/13, 21/13 и 142/14)

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 25.12.2017година, донесе

ОДЛУКА
за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште на територијата на Општина Велес

Член 1

Пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите, ливадите и пасиштата се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и предходи на годината за која се врши утврдување на данокот односно за 2018 година, на подрачјето на општинатасогласно на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 2

При утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите, ливадите и пасиштата се зема во предвид култура и класа,стрмнина,длабочина, ерозија,можности за иригација и користење на машинерија,апсорпција на вода и сл.

Член 3

Катастарските општини во рамките на подрачјето на Општина Велес се поделени во групи според местото каде земјоделското земјиште, шумите, ливадите и пасиштата се наоѓаат.

Според тоа пазарната вредностна земјоделско земјиште за метар квадратен изнесува:

·I ГРУПА

Катастарска Општина	Класа	Пазарна вредност по $м^2$(во денари)			
		ниви ливади шуми пасишта	лозја овош.	во систем со вода, покрај вода	
				ниви	Лозја,овоштарници
1. Башино село, 2. Велес, 3. Горно Оризари, 4. Долно Оризари 5. Отовица,	I II III IV V VI VII VIII	70 65 60 55 50 40 35 30	120 115 110 105 100 95 90 85	130 125 120 115 110 105 100 95	140 135 130 125 120 115 110 105

·I -А група

Катастарска Општина	Класа	во систем со: вода, покрај вода	
		ниви	лозја , овоштарници
1. Велес 2. Башино село Во делот кој го опфаќа Речниот појас на реката Вардар со места викани:		200	350
1. Среден пат	I	180	320
2. Лака	II	160	300
3. Дрењевица	III	140	280
4. Бавчи	IV	100	260
5. Шорка	V	85	220
6. Јолџик	VI	75	190
7. Умин дол	VII	65	160
8. Отовица	VIII		
и други места во овие локалитети за земјиште кое не е влезено во градежен реон.			

·II ГРУПА

Катастарска Општина	Класа	Пазарна вредност по м^2(во денари)			
		ниви ливади шуми пасишта	лозја овош	во систем со вода	
				Ниви	Лозја и овоштарници
1. Бузалково 2. Клуковец 3. Горно Караслари					
4. Долно Караслари	I	60	75	80	100
5. Иванковци	II	58	70	75	90
6. Кумарино	III	56	65	70	80
7. Мамутчево	IV	54	60	65	70
8. Новачани	V	52	58	60	60
9. Ораовец	VI	50	55	58	50
10. Раштани	VII	45	50	55	40
11. Сујаклари	VIII	30	40	45	30
12. Црквино 12. Чолошево					

·III ГРУПА

Катастарска Општина	Класа	Пазарна вредност по $м^2$ (во денари)			
		ниви ливади шуми пасишта	лозја овош	во систем со : вода, покрај вода	
				ниви	лозја , овоштарници
1. Белештевица					
2. Ветерско		15	24	22	30
3. Карабуњиште	I	14	20	20	28
4. Крушје	II	12	18	18	24
5. Лугунци	III	8	15	14	18
6. Ново село-Велес	IV	6	13	10	15
7. Рлевци	V	5	10	8	10
8. Рудник	VI	4	8	6	8
9. Сливник	VII	3	5	4	6
10. Слп	VIII				
11. Сопот					
12. Џидимирци					

Член 4

Во Катастарските општини: Караслари, Оризари, Башино Село, Отовица и во населбите Превалец и Речани кои се наоѓаат на територијата на Општина Велес, земјоделското земјиште ,шумите, ливади и пасиштата во овие места кое се наоѓаат на 100 метри од левата и десната страна на(локалниот, регионалниот односно на автопатот кој поминува кај некое од тие места) пазарната вредност на земјоделското земјиште изнесува:

150,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	I бонитетна класа
130,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	II бонитетна класа
100,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	III бонитетна класа
80,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	IV бонитетна класа
70,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	V бонитетна класа
60,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	VI бонитетна класа
50,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	VII бонитетна класа
40,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	VIII бонитетна класа

Пазарната вредност за неплодно земјиште се утврдува по вредноста утврдена за земјоделско земјиште,шума, ливади, пасиште од VIII класа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“,а ќе се применува од 01.01.2018година.

Број 25-5545/8
26.12.2017 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр.331

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Велес

Се објавува Одлуката заорганизирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 25.12.2017 година.

.
Број 08-5576/8
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 05/02), член 7, став 2, алинеја 8 и член 7, став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15и 55/16) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе

О Д Л У К А З А О Р Г А Н И З И Р А Њ Е И Д Е Ф И Н И Р А Њ Е Н А У С Л О В И Т Е З А Д О С Т А В У В А Њ Е Н А С Т О К А Н А П О Д Р А Ч Ј Е Т О Н А Г Р А Д В Е Л Е С

I Општи одредби

Член 1

Со оваа одлука се дефинираат условите за доставување (истоварање/ товарање) на стока од моторните возила на јавните површини, начинот и времето на вршење на истоварање и товарање на стоката, како и органите кои го одобруваат времето на движење, запирање и паркирање на возилата за истоварање и товарање на стока и надзор над спроведувањето на одредбите од оваа одлука.

Член 2

Под јавни површини утврдени во член 1 на оваа Одлука се подразбираат: улици, тротоари, пешачки зони, пешачки и велосипедски патеки, плоштади и останати сообраќајни површини.

Јавните површини од став 1 на овој член се поделени во зони и тоа:

- централноградскоподрачје,
- до и од градските пазари и
- сите преостанати улици во градот.

Член 3

Одредбите од оваа Одлука не се применуваат за правните и физичките лица:

-кои имаат обезбеден пристап до објектите каде што вршат дејност или други објекти, а кои не го попречуваат сообраќајот на пешаците и возилата;

-за возилата кои вршат истоварање и товарање на стока и кои можат да користат паркинг место, доколку габаритот на возилото одговара на површинатана обезбеденото паркинг место од страна на субјектот кадесе врши дотур на стока.

II Утврдување на зони и временска рамка

Член 4

1)Зоната во централно градско подрачје е дефинирана со следните улици:

- ул. „Благој Ѓорев“
- ул. „8-ми Септември“
- ул. „Илинденска“
- ул. „Никола Оровчанец“
- ул. „Гоце Делчев“
- ул. „Страшо Пинџур“
- ул. „Алексо Демниевски Бауман“.

2) Зоната до и од градските пазарие дефинирана со следните улици:

- ул. „11 Октомври“
- ул. „Нада Бутникошарова“

- ул. „Петре Прличко“
- ул. „Кресненско востание“
- ул. „Димитар Влахов“.

3) Сите останати ненаведени улици во став 1 и став 2 на овој член.

Член 5

Сообраќајот на товарните возила кои ја надминуваат вкупната дозволена маса определена со оваа Одлука ќе се одвива по следите улици:

- ул. „Академик Пенчо Давчев“
- ул. „Вардарска“
- ул. „АСНОМ“
- ул. „Андон Шурков“
- спој на ул. „Андон Шурков“ и „Благој Ѓорев“ во насока на движење кон ул. „Ристо Попов“ во нас. Превалец.

Член 6

Возилата кои доставуваат стока на подрачјето на Општина Велес може да запираат и паркираат додека трае текот на истоварање и товарање, но не подолго од 15 минути.

Во зоната во централно градско подрачје утврдена со член 4, став 1 од оваа Одлука, возилата можат да вршат запирање и паркирање заради доставување на стока секој ден, во временскиот период од 23:00-06:00часот и од 09:30-11:30 часот.

Како мерка за намалување на загадувањето на амбиентниот воздух во временскиот период декември-февруари, доставувањето на стока во централно градско подрачје, ќе се врши во период од 18:00-07:30часот.

Во зоната до и од градските пазари утврдена со член 4, став 2, возилата за доставување на стока можат да вршат запирање и паркирање заради доставување на стока секој ден, во временскиот период од 04:00-07:00 часот, од 12:00-14:00 часот и од 18:00-20:00 часот.

Во сите останати ненаведени улици во член 4 од оваа Одлука, возилата можат да вршат запирање и паркирање заради доставување на стока секој ден, во временскиот период од 21:00-06:00 часот и од 09:30-11:30 часот.

Член 7

Максималната дозволена вкупна маса на возилата кои вршат доставување на стока на подрачјето на Општина Велес во сите зони изнесува до 7 тони.

Член 8

Доставувањето на стока може да се реализира доколку со тоа не се загрозува безбедноста на сообраќајот на пешаците и возилата,за што одговорноста е наносителот на одобрениетоза доставување на стока.

Стоката не смее да биде оставена на тротоар или на друга сообраќајна површина додека трае доставувањето на истата. По завршувањето на истоварање и товарање возилото треба веднаш да се отстрани од јавната сообраќајна површина.

Истоварање и товарање на стока од возилата по правило се врши на коловоз со вклучување на сите покажувачи на правец за движење.

Забрането е запирање или паркирање на возилата за достава на стока во крстосници и на пешачки премини.

III ОДОБРЕНИЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА СТОКА

Член 9

Општина Велес издава одобрение за доставување на стокасо возила на подрачјето на градот, на барање на правни, односно физички лица.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава во со рок на важење, најмногу до 1 (една) година.

Одобрението од ставот 1 на овој член содржи: назив на правното односно физичкото лице, релацијата на движење, временски период во кој е дозволено доставувањето на стока, рок на важност, регистарски броеви на возилата за доставување на стока.

Член 10

За добивање на одобрение правните и физичките лица поднесуваат барање до архивата на Општина Велес.

Барањето од став 1 на овој член содржи: назив на барателот, релацијата на движење, регистарски број, марка, тип, тежина на возилото и носивост на возилото, период за кој се бара дотурот на стока.

Во прилог на барањето се доставуваат: доказ за платена административна такса, сообраќајна дозвола за возилото за доставување на стока, решение за упис во Централен регистар (приложените документите во копија).

IVПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Спроведувањето на оваа Одлука го врши Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија.

Член 12

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за доставување на стока во град Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.04/01) и Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за доставување на стока („Службен гласник на Општина Велес“ бр.09/05).

Член 13

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во,,Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5545/9
26.12.2017 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр.332

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за учество во проект финансиран од Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија – Програма за рамномерен регионален развој за 2018 год.

Се објавува Одлуката заучество во проект финансиран од Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија – Програма за рамномерен регионален развој за 2018год, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 25.12.2017 година.

.
Број 08-5576/9
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 3/09,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.12.2017 година, донесе

ОДЛУКА
за учество во проектфинансиран одБирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија – Програма за рамномерен регионален развој за 2018год.

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Велес обезбедува учество за реализација на проектот „Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на систем за водоснабдување во ИЗ „Мамутчево" финансиран од Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија – Програма за рамномерен регионален развој за 2018год.

Член 2

Општина Велес ќе го реализира проектот согласно утврдената временска рамка, најдоцна до 31.12.2018 година.

Член 3

За реализација на проектот од Бирото за регионален развој ќе биде обезбедена финансиска поддршка во висина од 9.000.000, денари.

Член 4

Учеството на Општина Велес е 2.057.760,00. Средствата се обезбедени преку Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2018 година.

Член 5

Општина Велес ќе го имплементира проектот во соработка со Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5545/10
26.12.2017 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр.333

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на управување на водоснабителниот систем во с. Мамутчево на ЈКП „Дервен“

Се објавува Одлуката задавање на управување на водоснабителниот систем во с.Мамутчево на ЈКП „Дервен“, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 25.12.2017 година.

Број 08-5576/10
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15 и 147/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), а согласно член 25 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 02/13),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.12..2017 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на управување на водоснабдителниот систем во с. Мамутчево на ЈКП Дервен

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес на ЈКП Дервен Велес врши давање на управување (преотстапување) на водо снабдителниот систем во с. Мамутчево, кој не е дел од јавниот водоснабдителен систем.

Член 2

Водоснабдителниот систем (водоводните објекти и инсталации) од член 1 на оваа Одлука и неговата техничка исправност е утврдена од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Од страна на Комисијата е составен записник за техничката исправност на водоснабдителниот систем, со исполнети услови за преотстапување на системот на ЈКП Дервен на управување.

Записникот е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Овластенпроценител на Општина Велес изврши проценка на вредноста на водоснабдителниот систем за што е изготвен Извештај за проценка на недвижниот имот кој е составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Општина Велес е должна во рок од еден месец од денот на донесувањето на оваа Одлука да склучи договор со ЈКП Дервен во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски за понатамошно управување на системот согласно закон.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-5545/11
26.12.2017 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр.334

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за престанок на важност на Одлуката за определување на простор за продавање од возила

Се објавува Одлуката запрестанок на важност на Одлуката за определување на простор за продавање од возила, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 25.12.2017 година.

Број 08-5576/11
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 ,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.12.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за престанок на важност на Одлуката за определување на простор за продавање од возила

Член 1

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на простор за продавање од возила бр. 0701-2330/3 од 07.12.2004 година, објавена во „Службен гласник на Општина Велес“ бр.07/04“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5545/12
26.12.2017 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душан Петров с.р

Бр. 335

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука заизбор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2017/2018 година

Се објавува Одлуката запрестанок на важност на Одлука заизбор на талентирани ученициии студенти кои добиваат стипендија за учебната 2017/2018 година,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 25.12.2017 година.

.

Број 08-5576/13
27.12.2017 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 11, од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 11/11) и член 11 од Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 11/11, 11/12,13/15 и 12/16), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.12.2017 година, донесе,

О Д Л У К А
за избор на талентирани ученициии студенти кои добиваат стипендија за учебната 2017/2018 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2017/2018 година, согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

1.За ученици стипендијанти за учебната 2017/2018 година се избираат:

Ученици

1. Стојан Илиевски
2. Зорица Стојанова
3. Александр Милошевиќ
4. Даниела Василевска
5. Љубица Филипова
6. Никола Стојменов
7. Ристе Хаџиев
8. Ристе Мулев
9. Бојана Коцарова
10. Тамара Малинова

2.За студенти стипединајнти за учебната 2017/2018 година се избираат :

Студенти

1. Маја Костадинова
2. Надица Шкрекова
3. Ирена Христова
4. Клементина Ѓорѓиевска
5. Аргина Ѓорѓиевска
6. Тамара Савевска
7. Марија Мијакова
8. Елена Шкрекова
9. Изабела Апцева
10. Сандара Ташковска

Член 2

Висината на стипендијата за талентираните ученици од член 1 на оваа Одлука изнесува 1.500,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2017/2018 година.

Висината на стипендијата за талентираните студенти од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.000,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2017/2018 година.

Член 3

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес, и истите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година.

Член 4

Стипендијата ќе биде исплатена на посебна трансакциона сметка на секој корисник на стипендија, по потпишувањето на договорот.

Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес со секој од стипендијантите да склучи посебен договор во кој ќе бидат регулирани начинот на исплата на стипендијата како и другите права и обврски што стипендијантите ги имаат кон Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

Член 6

Наративниот извештај на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, согласно спроведениот Конкурс е составен дел на оваа Одлука.

Член 7

